РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# СТРАТЕГИЈА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЗАЕДНИЦАТА 2024 - 2026



ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Република Северна Македонија
**Министерство за внатрешни работи**

***РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ***

# СТРАТЕГИЈА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЗАЕДНИЦАТА
# **2024 - 2026**

***Септември, 2023 година***

# СОДРЖИНА


Листа на кратенки ....5

РЕЗИМЕ....6

1. ВОВЕД ....8

1.1 Основ за подготвување и предлагање на Стратегијата ....8
1.2 Поврзаност со други стратегии во областа и сродни области ....9
1.3 Методолошки пристап во подготвувањето на Стратегијата....11
1.4 Процес на вклучување на засегнати страни во Стратегијата....12
1.4.1 Клучни субјекти во процесот за вклучување и комуникација со заедницата ....12

2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА И ИДЕНТИФИКУВАНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРИОРИТЕТНИТЕ ОБЛАСТИ НА СТРАТЕГИЈАТА....16

2.1. Анализа на опкружувањето ....16
2.1.1 Резултати од спроведувањето на претходната Стратегија (2020 - 2022)....16
2.1.2 СВОТ анализа на состојбите ....18
2.1.3 Предизвици....19

3. СТРАТЕШКА РАМКА ....20

3.1 Визија ....20
3.2 Општи и посебни цели и мерки по приоритетни области ....20

4. ПРОЦЕС ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО, ЗВЕСТУВАЊЕТО И ОЦЕНУВАЊЕТО ....26

4.1. Пристап во следењето, известувањето и оценувањето ....26
4.2. Механизам за координација....27

5. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ....28

5.1. Утврдени ризици кои произлегуваат за спроведување на Стратегијата ....28
5.2. Мерки за справување со ризиците....28

6. АКЦИСКИ ПЛАН....30

6.1. Концепт на акциско планирање ....30
6.2. Подготовка и ажурирање на Акцискиот план на Стратегијата ....30

# РАБОТНА ГРУПА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА:

1. **Тони Ангеловски** – помошник на министерот за внатрешни работи на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања - претседател;
2. **м-р Сусана Новаковска** – полициски советник за стратешко планирање и развој за Бирото за јавна безбедност во Единицата за стратешко планирање во Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет во Одделот за односи со јавност и стратешки прашања;
3. **д-р Цветанка Цурева-Алексовска** – началник на Одделението за интегритет, превенција од корупција и заштита на човекови права во Секторот за професионално работење – превенција и интегритет во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди;
4. **Фатмире Ибраим** – главен советник за извршување и координација во Одделението за извршување и координирање на задачи и работи поврзани со Одделот, во Одделот за граѓански работи;
5. **Јасмина Костевска** – главен советник за возила и возачи во Одделението за возила и возачи во Секторот за управно-надзорни работи во Одделот за граѓански работи;
6. **д-р Жаклина Просароска** – виш полициски советник за контрола, надзор и превенција во полицијата, стандарди и контрола на квалитет во Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет во Бирото за јавна безбедност;
7. **Снежана Анѓелковска-Трајковска** – виш полициски советник за контрола, надзор и превенција на полицијата, стандарди и контрола на квалитет, управување со ризици со корупција во Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет во Бирото за јавна безбедност;
8. **Даница Димитровска** – главен инспектор за јавен ред и мир и превенција во Единицата за јавен ред и мир и превенција во Секторот за полициски работи од општа надлежност во Одделот за униформирана полиција во Бирото за јавна безбедност;
9. **Каролина Домазетоска** – началник на Одделението за дисциплински постапки во Одделот за дисциплински и судски постапки во МВР;
10. **Билјана Стојаноска** – самостоен инспектор за превенција по криминалистички работи во Отсекот за превенција во Секторот за внатрешни работи – Охрид во Бирото за јавна безбедност;

11. **Мики Величковски** – претставник на македонскиот полициски синдикат;
12. **Анета Мануилова** – претставник од ПДУ при Мисијата на ОБСЕ во Скопје[1];
13. **м-р Фарук Адеми** – претставник од ПДУ при Мисијата на ОБСЕ во Скопје;
14. **Насер Нагавци** – претставник од ПДУ при Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

**Национален консултант на ОБСЕ**, проф. д-р Цветко Смилевски

1 Членот на работната група учествуваше до нејзиното заминување од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, јуни 2023 година.

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| БЈБ | Биро за јавна безбедност |
| ВКЗ | Вклучување и комуникација со заедницата |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локалната самоуправа |
| ЕВР | Единица за внатрешни работи |
| ЕЈРМП | Единица за јавен ред и мир и превенција |
| КВР | Карта на врамнотежени резултати |
| ЛСП | Локален совет за превенција |
| ЛСУ | Локална самоуправа |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ООЈСП | Оддел за односи со јавност и стратешки прашања |
| ОПРУЧР | Оддел за правни работи и управување со човечки ресурси |
| ОЗРУЧР | Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси |
| ОГР | Оддел за граѓански работи |
| ООЗР | Оддел за општи и заеднички работи |
| ОИТ | Оддел за информатика и телекомуникации |
| ОВР | Одделение за внатрешни работи |
| ОЕ | Организациска единица |
| ПС | Полициски службеник |
| ПДУ | Оддел за развој на полицијата (ОБСЕ) |
| ПСОН | Полициска станица од општа надлежност |
| РЦГР | Регионален центар за гранични работи |
| ССПУК | Сектор за стратешко планирање и управување со квалитет |
| СВКЗ | Стратегија за вклучување и комуникација со заедницата |
| СВР | Сектор за внатрешни работи |
| СФО | Стратегиски фокусирана организација |
| ЦО | Центар за обука на МВР |
| СКСФО | Советници за континуирано стручно и физичко оспособување |

# РЕЗИМЕ

Создавањето безбедна средина за живеење е една од главните цели на стратешките документи во областа на безбедноста која ги опфаќа предизвиците, но и можностите кои стојат на располагање на Министерството, како и на институциите со кои соработува. Во рамки на превентивното работење, Министерството се обединува во јакнење на капацитетите за превенција, развој и унапредување на соработката со клучните субјекти од заедницата.

Од тој аспект, улогата на Министерството и полицијата во локалната заедница е значајна, всушност преку моделот на полициското работење, задолжително е присуството на полицијата во заедницата каде напорите за заедничкиот одговор се појасни и видливи за заедничките проблеми. Набљудувајќи ја таквата улога, а од друга страна знаејќи дека евидентен е фактот на постоење на безбедносни ризици, потребата за поквалитетна институционална функционалност и проактивност е подеднакво изразена на централно и локално ниво.

Во таа насока, концептот што го фаворизира приближувањето и зајакнувањето на меѓусебната соработка, инсистира планско и програмско институционално интегрирање на полицијата во заедница, со цел остварување на сигурноста, заштитата и безбедноста на граѓаните и материјалните добра на секојдневното живеење во локалната средина.

И во овој документ, именуван како Стратегија за вклучување и комуникација со заедницата (ВКЗ)[2], целите за унапредување на комуникацијата со заедницата ја отсликуваат примената на проактивниот пристап на полицијата, кој подразбира посветеност, одговорност и зацврстување на довербата со граѓаните. Исто така, овој пристап ги опфаќа и препораките од Комитетот за спроведување на стратегии на МВР, произлезени од евалуацијата на претходната стратегија, како и препораките за новите предизвици во превентивното работење.

Стратешкиот документ ги прифати позитивните практики, но ги препозна и слабите страни, за кои во наредниот период се предвидени конкретни цели со зајакнати мерки, кои ќе обезбедат ефективно креирање решенија, реорганизација и воведување дополнителни форми за ефикасно превентивното работење. Една од најзначајните цели е координирање и зајакнување на организациските единици за превенција и подобрена размената на податоци од безбедносен аспект на локално ниво. Меѓутоа, неоспорен е фактот дека позитивните практики, благодарение на

2 Поради технички причини спроведувањето на Стратегијата ќе биде во периодот 2024 - 2026г., бидејќи изработката на документот се заврши во 2023 година. Меѓутоа, нецелосно реализираните активности од Стратегијата за ВКЗ (2020 - 2022) продолжија со реализација во 2023 година.

искуството, ќе продолжат да се применуваат, насочени на одржување и зацврстување на партнерските односи.

Министерството изразува голема благодарност до претставниците на ПДУ при Мисијата на ОБСЕ во Скопје за континуираната поддршка, особено за вклучувањето во изработката на Стратегијата за ВКЗ (2020 – 2022 и 2024 – 2026 година), придонесот во процесот на имплементација на стратешките приоритети за ВКЗ, како и во евалуацијата и ревизијата на стратешкиот документ. Имено, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, преку размена на искуства и квалитетни предлози, активно учествуваше и во подготвувањето во овој документ, при што посебно внимание е насочено кон формирање на координативна единица за превенција на централно ниво која ќе ги координира превентивните активности и ќе ја подобри соработката со институциите и локалната заедница.

# 1. ВОВЕД

## 1.1 Основ за подготвување и предлагање на Стратегијата

Имплементацијата на Стратегијата за ВКЗ (2020 - 2022 година) ја рефлектираше реалноста на спроведувањето на активностите, при што се покажа голема посветеност на зацврстување на односот меѓу полицијата и граѓаните. По направената проценка за реализација на активностите, констатирано е дека голем дел од планираните активности се реализирани, додека дел се во фаза на реализирање. Меѓутоа, останатите активности треба да продолжат да се реализираат, од кои клучна цел и понатаму останува формирањето и екипирањето на организациската единица за превенција на централно ниво.

Со цел да се постигнат дефинираните стратешки цели, по направената евалуација на спроведената Стратегија од страна на Комитетот за спроведување на стратегиите на МВР[3] во рамките на Министерството, се донесе документот *Стратешки определби на Министерството за внатрешни работи во функција на имплементација на стратегии и документи*[4] донесени во соработка и со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје (бр. 13/1- 102063/1 од 14.10.2022 година). Согласно стратешката определба за областа ВКЗ, а по спроведена ревизија на Стратегијата за ВКЗ (2020 - 2022), се поведе иницијативата за започнување на постапка за изработка на нов стратешки документ за ВКЗ 2024 - 2026.

Основата за изработка на Стратегијата за ВКЗ (2024 - 2026) се базира на потребата од унапредување на безбедноста во заедницата, во насока на намалување на криминалот, насилството и одржување на јавниот ред и мир.

Во однос на тоа, Стратегијата за ВКЗ ќе се насочува кон подигнување на соработката преку применување на еднаков пристап за сите граѓаните и давање предност на улогата на граѓаните за безбедносните прашања. Истовремено, Стратегијата ќе се фокусира на одржувањето на изградените односи со заедницата и ќе продолжи со споделување знаења и промовирање вредности, претставувајќи го најдобриот модел на вклучување и комуникација со заедницата.

Имено, содржината на Стратегијата ќе го истакне општествениот пристап за заеднички одговор на полицијата и граѓаните при решавањето прашања од

---

3 Формиран со Решение донесено од министерот за внатрешни работи (бр.13.1.2-99903/1 од 16.12.2020 година, бр.13.1.2-65413/1 од 24.6.2022 година и бр.13.1.2-92893/1 од 21.9.2022 година)

4 Стратегија за вклучување и комуникација со заедницата 2020 - 2022, Стратегија за управување со човечки ресурси 2020 - 2022, Стратегија на Центарот за обука во МВР 2020 - 2022 и Стратешки документ „Оценка и ревизија на системот на дисциплински постапки во МВР“

безбедносен аспект. Воедно, ваквиот пристап ќе го презентира вклучувањето на релевантните субјекти во заедницата во заедничко идентификување, делување и решавање безбедносни проблеми.

Стратегијата за ВКЗ е значаен документ на Министерството, со временски период од три години (2024 - 2026), во кои повторно ќе се преиспитуваат процесите и ќе се прави анализа за натамошните чекори.

Документот е надоврзан со претходната Стратегија од истата област, а врз основа на постигнатите резултати и анализата на утврдените предизвици за превентивен и проактивен одговор на полицијата во спречувањето на криминалот и насилството, допрецизирани се три стратешки области, од кои дефинирани се три општи стратешки цели и осум посебни стратешки цели, а во функција на нивно остварување, предвидени се мерки и активности кои се опфатени во Акцискиот план.

## 1.2. Поврзаност со други стратегии во областа и сродни области

По својата природа, Стратегијата за ВКЗ (2024 - 2026) е поврзана со неколку промени кои ги презема Министерството, со цел градење силна и професионална полиција, преку зајакнување на статусот на организациските единици за превенција. Во однос на тоа, стратешките цели за развојот на полициското работење се ориентирани кон граѓаните, кои ги опфаќаат начелата на законитост, професионалност, објективност, транспарентност и владеење на правото, а се усогласени и поврзани со ***Целите за одржлив развој на Обединети Нации од Агендата 2030***, односно целта мир, правда и силни институции, која се залага и промовира мирни општества, ефективни и одговорни институции на сите нивоа.[5]

Овој стратешки документ е насочен кон остварување и на ***стратешките приоритети на Министерството***[6], со цел да се обезбеди развој на полициското работење, јакнење на капацитетите за недискриминирачко спроведување на законите и еднаков пристап за сите граѓани. Од друга страна, при креирањето програми и планови за превенција, да се отсликуваат најдобрите ЕУ практики и стандарди.

5 Показатели за одржлив развој: намалување на сите форми на насилство; промовирање на владеење на правото; спречување на сите форми на организиран криминал; намалување на корупцијата и митото; развивање ефикасни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа; обезбедување одговорно носење одлуки, обезбедување пристап на јавноста до информации и заштита на основните права и слободи во согласност со националното законодавство и меѓународните договори; зајакнување на релевантните национални институции за спречување на насилството и борба против тероризмот и криминалот и промовирање и спроведување недискриминаторски закони и политики за одржлив развој.

6 *„Модернизација на Министерството за внатрешни работи, јакнење на капацитетите за непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите“, „Одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција, реформи во насока на владеење на правото и изградба на независни институции“ и „Зголемување на нивото на јавна безбедност, вклучувајќи ја и безбедноста на патниот сообраќај“ и „Квалитетна подготовка на националната верзија на правото на Европска Унија“,* кои се опфатени согласно Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на РСМ за 2024-2028 година (Службен весник на РСМ, бр,256 од 05.12.2023г.)

Воедно, Стратегијата за ВКЗ (2024 - 2026) се поврзува со ***Стратегијата за родова еднаквост 2022 - 2027***[7] со областа жени, мир и безбедност, при што клучен сегмент е примената на принципот на родовата еднаквост. Исто така, документот се поврзува и со ***Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 - 2024***[8]**,** односно со целите *Воспоставување превентивен механизам против говор на омраза и Обезбедување правна рамка за мирно собирање во согласност со меѓународните стандарди и ефикасна имплементација*, каде се забележува заедничката соработка со граѓанското општество, кое всушност ги одразува интересите на граѓаните и вклученоста во структурен дијалог за унапредување на општеството.

Целите и мерките утврдени во Стратегијата за ВКЗ (2024 - 2026) се усогласени со следните плански документи на Министерството:

Стратегијата за ВКЗ 2024 – 2026, преку приоритетната област учење и развој, е поврзана со ***Стратегијата за обука и развој на вработените во МВР 2022 – 2024***, во насока на унапредување на системот за обука и развој на вработените. Воедно, оваа област е усогласена и со ***Стратешките определби за управување со човечки ресурси и Центарот за обука 2024 – 2026***, со цел спроведување приоритетни обуки за зголемување на компетентноста на вработените. За овие обуки, во подготовка за донесување се Методологијата за приоритизирање на обуки и Прирачникот за планирање на приоритетни обуки, кои го вклучуваат и превентивното работење на полицијата.

Во Министерството постојат неколку стратешки документи врз чии остварувања е развиена оваа Стратегија за ВКЗ. Прв стратешки документ, насочен кон превенцијата како модел за полициско работење на Министерството е Стратегијата за превенција, усвоена во 2008 година, со која се создадени низа позитивни практики, како чекор напред за работата на полицијата со заедницата. Притоа, од осврт на практиките, забележано е дека истите треба да се менуваат поради променливата природа на заедницата и карактеристиките на криминалот и социјалните и физички нарушувања. Вреднувањето на остварувањата, вклучувајќи ги и проценетите ограничувања во имплементацијата, претставуваат значајна појдовна точка за идентификување на реалните потреби, со цел дефинирање на приоритети во оваа област. Од друга страна, значајно е да се истакне дека Министерството, како безбедносна институција, е фокусирано во процесот на стратегиски промени во безбедносниот систем, кои се целосно посветени кон владеење на правото, почитување на човековите права и слободи и зајакнување на соработката и довербата во полицијата. Поради тоа, *стратегиските приоритети на реформите во МВР и Бирото за јавна безбедност* ја претставуваа втората рамка, во која првенствено беа согледани стратегиските промени во областа на превентивното работење со заедницата.

Меѓутоа, како најистакната е *Стратегијата на МВР за ВКЗ* (2020 - 2022), чие спроведување покажа голема посветеност на зацврстувањето на односот меѓу

7 Достапна https://mtsp.gov.mk

8 Достапна на *https://www.nvosorabotka.gov.mk*

полицијата и граѓаните, потврдена преку континуитетот на имплементација на Стратегијата. Меѓутоа, покрај постигнатите ефекти, во осврвтот на спроведувањето на Стратегијата идентификувани се определен број нереализирани активности, за што е потребна дополнителна реализација. Во однос на тоа, а со цел да се постигнат дефинираните цели на Стратегијата, се донесува нов стратешки документ за ВКЗ со временска рамка 2024 - 2026 година.

## 1.3 Методолошки пристап во подготвувањето на Стратегијата

Комитетот за спроведување на стратегии на МВР, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на последниот одржан состанок по презентираниот Извештај за спроведениот мониторинг на Стратегијата за ВКЗ (2020 - 2022), спроведе евалуација на стратешкиот документ, во која се идентификуваат главните достигнувања, како и препораките за финализирање на Стратегијата.

Воедно, евалуацијата беше најава за отпочнување ревизија, односно определување на дизајнот на следниот циклус за стратешкиот документ, во која надлежните организациски единици поконкретно ги согледаа приоритетните области, целите, мерките и активностите, со можност да продолжат во насока на реализација.

Подготовката за изработка на стратешкиот документ ВКЗ (2024 - 2026) започна со донесување на Решение за формирање на работна група, во која учествуваат претставници на организациски единици од Министерството[9], Македонскиот полициски синдикат, како и претставници од Одделот за развој на полицијата при Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Работната група беше составена од подгрупи по приоритетни области, во кои членовите со своето искуство дадоа стручна проценка од нивното работење, но и работењето на развојни документи. Во таа насока, континуирано се одржуваа состаноци, со цел да се обезбеди предвидливост на процесот за подготвување на документот. Во конципирањето на содржината на Стратегијата беше вклучено стручно лице, кое даде експертска помош, поддржано и финансирано од Мисијата ОБСЕ во Скопје. Воедно, од страна на експертот беше подготвен план со соодветна динамика на изработка на стратешкиот документ.

Појдовна основа, според која се водат развојните правци на ВКЗ, начинот на работа, координацијата и финансиските импликации, при утврдување на структурата на Стратегијата ВКЗ 2024 - 2026 користен е форматот од *„Методологијата за начинот и подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии“* и *„Упатството за структурата, содржината и начинот за подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и меѓусекторските стратегии“*, донесени од Владата на Република Северна Македонија.

---

9 Организациските единици за стратешко планирање, внатрешна контрола, човечки ресурси, управни работи и превенција и одржување јавен ред и мир

Анализата на состојбата во Стратегијата ВКЗ (2024 - 2026) се заснова на:

- квартални, полугодишни и годишни извештаи за степен на реализација на активностите и постигнатите цели и резултати на Стратегијата ВКЗ (2020 - 2022);
- извештај за евалуација на Стратегијата за ВКЗ (2020 - 2022) на Комитетот за спроведување на стратегии МВР;
- заклучоци и препораки донесени од Комитетот за спроведување на стратегии на МВР.

Стратегијата се темели на начелата: *усогласеност со повисоки плански документи, како и со сродни и меѓусебно поврзани стратегии од иста област, релевантност и веродостојност, ефикасност и ефективност, транспарентност, отчетност и ориентација кон резултатите.*

Овој стратешки документ за ВКЗ 2024 - 2026 ја отсликува состојбата и предизвиците за концептот на полициското работење со заедницата, заклучно со 31 декември 2022 година.

## 1.4 Процес на вклучување на засегнати страни во Стратегијата

Вклучувањето и комуникацијата со заедницата претставува сложен систем на засегнати страни од областа на безбедноста на локално ниво. За оваа Стратегија, како и во претходната Стратегија, предизвиците на засегнатите страни во предвидениот период се групирани во две категории:

- Локални искуства од соработката и комуникацијата со заедницата;
- Позитивни практики на ефективно вклучување и комуникација на заедницата во подобрување на безбедноста на локално ниво.

За добивање целосен увид во наведените контекстуални аспекти преку кои функцијата на ВКЗ се поврзува со своето опкружување, потребно е да се имаат предвид прикажаните наоди.

### 1.4.1 . Клучни субјекти во процесот за вклучување и комуникација со заедницата

Со концептот на полициско работење, кој во основа претставува соработка помеѓу полицијата и заедницата преку препознавање на проблеми и нивно решавање, создадени се добри практики, во кои активно учествувале клучни субјекти при определени настани, мерки и активности. За да се добие пореална слика за нивното вклучување и заедничко дејствување во иднина, како клучни субјекти кои учествуваат во процесите на ВКЗ утврдени се:

А) Организациски единици (ОЕ) за превенција;

Б) Полициски службеници кои стапуваат во непосреден контакт со граѓаните;

В) Организациски единици(ОЕ) за издавање на лични документи;

Г) Локални совети за превенција;

Д) Соработка со државни органи, здруженија на граѓани и други правни лица;

Ѓ) Медиуми.

За секој субјект, се идентификуваа следниве карактеристики:

а) Статус;

б) Надлежност;

в) Меѓусебни односи со другите субјекти во постапувањето со граѓаните.

Во продолжение појаснети се карактеристиките за клучните субјекти релевантни за дефинирање на стратегиските цели на нивното поединечно и заедничко постапување.

## А) Организациски единици (ОЕ) за превенција

а. **Статус:** Одделение за превенција во Секторот за внатрешни работи - Скопје, и Отсеци за превенција во останатите СВР, меѓутоа во рамки на организациската поставеност на Министерството нема организациска единица на централно ниво.

б. **Надлежност:** Уредена со релевантните законски и подзаконски акти.

в. **Меѓусебни односи:** ОЕ за превенција соработуваат со граѓаните, единиците на Локална самоуправа и други државни органи и Здруженија на граѓани во рамките на проектни активности и активности за превенирање на одредени појави кои предизвикуваат или би можеле да предизвикаат загриженост кај граѓаните.

## Б) Полициски службеници (ПС)

**а. Статус:** Полициски службеници од Секторите за внатрешни работи и Регионалните центри за гранични работи, согласно Законот за полиција, ги извршуваат полициските работи за превенција во областите:

- општа надлежност;
- безбедност на патниот сообраќај;
- гранична контрола и надзор;
- криминалистичка полиција.

Полициските службеници од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандард, согласно Законот за внатрешни работи ги извршуваат работите во областа на:

- внатрешната контрола.

**б. Надлежност:** Уредена со релевантните законски и подзаконски акти.

**в. Меѓусебни односи:** Полициски службеници координирано постапуваат во интерес на заштита на јавната безбедност и обезбедување безбедност и сигурност на граѓаните, како и заштита на граѓаните од евентуално непрофесионално постапување од страна на полицијата.

### В) Организациски единици (ОЕ) за издавање на лични документи

**а. Статус:** Одделение за управни работи-Скопје и Отсеци за управни работи во Секторот за управни-надзорни работи во Одделот граѓански работи.

**б. Надлежност:** Уредена со релевантните законски и подзаконски акти.

**в. Меѓусебни односи:** Надлежни ОЕ за издавање лични документи (патна исправа, лична карта, сообраќајна и возачка дозвола, проверка на поднесоците на граѓаните) се во постојан контакт со граѓаните во улога на физичко и правно лице.

### Г) Локален совет за превенција (ЛСП)

**а. Статус:** ЛСП е тело за заедничко дејствување на засегнатите страни во областа на јавната безбедност на локално ниво, формирано врз основа на Законот за локална самоуправа и Законот за полиција.

**б. Надлежност:** Унапредување на соработката за одржување на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата, зајакнување на довербата во превенирањето безбедносни проблеми и организирање други форми на соработка на граѓаните и полицијата.

**в. Меѓусебни односи:** ЛСП соработува со ОЕ за превенција и полициските станици и полициските одделенија

### Д) Соработка со државни органи, здруженија на граѓани и други правни лица

**а. Статус:** Државните органи, здруженијата на граѓани и другите правни лица соработуваат со Министерството во остварувањето на надлежностите од областа на превенцијата.

**б. Надлежност:** Министерството активно соработува со граѓаните, државните органи, здруженијата на граѓани, општините и други правни лица, преку советодавни и координативни тела за работи што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата, со цел да се изградат заеднички препораки за зајакнување на довербата и партнерски односи во идентификувањето и превенирањето на појавите што влијаат на безбедноста.

**в. Меѓусебни односи:** Членство во ЛСП, мултисекторски, советодавни и координативни (тела/тимови).

### Ѓ) Медиуми

**а) Статус:** Воспоставена соработка на медиумите и Министерството и потпишан Меморандум за соработка помеѓу МВР и ЗНМ

**б) Надлежност:** Објективно и навремено информирање на јавноста за безбедносните настани, но и за преземените мерки и остварените резултати во областа на превенцијата и пошироко - безбедноста на локално ниво.

**в) Меѓусебни односи:** овластени лица за комуникација со јавноста соработуваат со медиумите во поддршка на превентивните активности (програми, кампањи и сл.).

# 2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА И ИДЕНТИФИКУВАНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРИОРИТЕТНИТЕ ОБЛАСТИ НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата за ВКЗ (2024 - 2026) опфаќа три области кои се во согласност со принципите на полициското работење и пристапот на Министерството да се развива како стратегиски фокусирана организација, а тоа се:

- **Приоритетна област, односи со корисници** - Зајакнување на партнерства на локално ниво (ЛСП и другите форми) и одржување на континуирана соработка и комуникацијата меѓу полицијата и заедницата;
- **Приоритетна област, внатрешни процеси** - Подобрени внатрешни процеси за соработка и координација на организациските единици за превенција во МВР;
- **Приоритетна област, учење и развој** - Професионално усовршување на ПС за превенција во соработка со клучните субјекти во заедницата.

Во продолжение на стратешкиот документ, преку спроведената анализа на состојбата во секоја од областите, наведени се постигнатите резултати од спроведувањето на мерките и активностите на Стратегијата на МВР за ВКЗ (2020 - 2022), од која утврдени се и предизвиците во процесот на имплементацијата.

## 2.1. Анализа на опкружувањето

### 2.1.1 Резултати од спроведувањето на претходната Стратегија (2020 - 2022)

За развојот на Министерството, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во 2019 година изработени се три стратегии со временски период од 2020 до 2022 година: Стратегија за Управување со човечките ресурси (УЧР), Стратегија за развој на Центарот за обука (ЦО), и Стратегија за вклучување и комуникација со заедницата (ВКЗ). Анализата на спроведувањето на овие три стратегии од страна на Комитетот за спроведување на стратегии на МВР, покажа дека највисокиот степен на остварувања бележи спроведувањето на Стратегијата за ВКЗ. Токму тие наоди за резултатите од спроведувањето на Стратегијата се прикажани како основа за пореално димензионирање на приоритетите за наредниот период.

Со имплементирање на Стратегијата на МВР за ВКЗ 2020 - 2022, соработката на полицијата и граѓаните се подигна на повисоко ниво, при што се создадоа низа практики за подобрување на јавната безбедност.

Осврвтот за напредокот насочен кон ***потребите на корисниците***, покажа успешен резултат на зголемена позитивна перцепција на населението за полициското работење во заедницата за рано препознавање на безбедносните закани и преземање превентивни мерки. Со подобрениот пристап за вклучување и комуникација со заедницата, се зацврсти довербата на граѓаните кон полицијата, се создаде амбиент на транспарентност и се унапреди меѓусебната соработка.

Преку моделот на ВКЗ, согледано е подигање на компетенциите на ПС за превенција, во делот на заштита од семејно насилство, спречување на криминалитетот, одржување на јавниот ред и мир и безбедноста на сообраќајот. Во таа насока, одржани се голем број едукативни активности со активно вклучување на жените, стручните служби во училиштата и младите за поттикнување на критичкото размислување. Исто така, унапредена е и соработката со граѓанските организации во реализација на проектни активности од областа на безбедноста.

Во процесот на имплементацијата на целите за ***подобрување на внатрешните процеси*** на ОЕ за превенција, забележани се подобрувања во интерперсоналната комуникација, за што утврдени се приоритети и користени се поголем број проекти за превенција, преку кои е подобрена размената на податоци и искуства. Притоа, спроведените превентивни активности за ВКЗ и полицијата редовно се објавуваат на интернет-страницата на МВР. Воедно, за подобрување на комуникацијата со ОЕ за превенција и подигање на превенцијата на повисоко ниво, предложено е формирање нов организациски облик за превенција на централно ниво, со опис на надлежности и број на извршители.

Повеќето од активностите кои покажуваат подобрување на соработката на полицијата со граѓаните, се поврзани со ***развојот и учењето*** на полициските службеници, за што спроведени се поголем број обуки, работилници и работни средби за превентивната функција на полицијата, со цел надградување на капацитетите, развивање вештини и стекнување знаења, како и развивање други форми на споделување на практики во областа на превенцијата.

И покрај напредокот, идентификуваните ***финансиски ресурси*** за остварување на стратегиските цели не беа рационално искористени, од причина што глобалната пандемија од Ковид-19 предизвика вонредна состојба и капацитетите на Министерството беа насочени кон спроведување на мерките на Владата за борба против Ковид-19. Меѓутоа, важно е да се истакне дека полициското работење со заедницата континуирано се одвиваше со темпо на кое неминовно влијаеја здравствените и економските околности и предизвици.

Во однос на вреднувањето на активностите од документот за ВКЗ кои беа предвидени за реализација во временскиот период од 2020 до 2022 година, од вкупно 33 активности, реализирани беа 14 активности, девет делумно реализирани и 10 нереализирани активности. Притоа, најголемиот дел од нереализираните активности се должат на ограничувањата во време на пандемијата Ковид-19, кои негативно се одразија при спроведувањето на стратешките цели.

Во однос на констатираната состојба, целосно реализираните активности од Стратегијата за ВКЗ 2020 - 2022 преминуваат како практики во редовното работење на клучните субјекти на ВКЗ, додека како основа во планираниот период ќе се земаат предвид делумно реализираните или нереализираните активности по приоритетните области.

### 2.1.2. СВОТ анализа на состојбите

– Силни страни

Следејќи ги општите трендови, овој документ ќе ги земе предвид силните страни кои значително делуваат на спречувањето на криминалитетот, насилството, социопатолошките, девијантните и други видови казнени правни настани. Како силни страни, прифатени се преку неколку аспекти:

- **Континуитетот во процесот на стратешкото планирање**, Стратегијата за ВКЗ 2024 - 2026 ги следи добрите практики произлезени од процесот на имплементацијата на Акцискиот план на стратешкиот документ ВКЗ 2020 - 2022;
- **Воспоставена рамка за реализирање превентивни активности на локално ниво** преку ОЕ за превенција во осумте Сектори за внатрешни работи, кои функционално се поврзани со организациските единици надлежни за јавен ред и мир, сообраќај и криминалитет. ОЕ за превенција своите капацитети ги зајакнуваат преку стручно усовршување и активно учество во креирањето методи за превентивно постапување. Воедно, со донесување на измените во актите за организација и работа и систематизација на работните места, се очекува да се формира ОЕ за превенција на централно ниво, која ќе предлага форми и начини за подобрување на методологијата за работа, ќе координира активности за превенција и ќе го следи работењето и отчетноста на ОЕ за превенција на локално ниво;
- **Воспоставена соработка со здруженија на граѓани, училишта, јавни институции**, како партнери во процесот на полициското работење, со цел градење позитивен однос со заедницата, развивање програми за превенција, идентификување фактори на ризик и предлагање мерки за намалување на ризиците;
- **Воспоставена соработка со меѓународни организации**, со чија помош и поддршка се реализираат голем број обуки од делот на полициското работење, и бројни проектни активности за превенција.

– Слаби страни

Остварувањето на функцијата на превенцијата како принцип на работа во концептот на полициското работење, е ограничено поради:

- недоволна кадровска екипираност;
- недоволна координираност на ОЕ за превенција;

- неформирана организациска единица за превенција на централно ниво;
- недостаток на финансиски средства.
- Можности

Врз основа на досегашната практика, во Стратегијата се утврдени можностите за спроведување на:

- Продолжување на соработката и поддршката со меѓународните организации во развојот на капацитетите на полицијата;
- Успешна соработка и размена на искуства со земјите во регионот и пошироко;
- Развиени практики на ефективно функционирање на Локалните совети за превенција.

– Закани

Заканите за реализација на некои цели од Стратегијата може да произлезат од незадоволителните појави поврзани со Локалните совети за превенција, и тоа:

- Неприменување на законските одредби;
- Отсуство на волја за соработка на градоначалниците и Советите на општините;
- Неформирани ЛСП и нефункционални ЛСП во дел од општините;
- Отсуство на континуитет;
- Недоволна отчетност и транспарентност на ЛСП;
- Отсуство на фидбек на активности за донесена одлука;
- Недоволно превентивно работење на ЛСП, насочено исклучиво тематски.

### 2.1.3 Предизвици

Имајќи ги предвид силните страни и влијанијата од значењето на изработка на овој документ, идентификувани се и предизвиците кои се произлезени од спроведената анализа на состојбата за Стратегијата за ВКЗ 2020 - 2022. Поради тоа, посебно внимание ќе биде насочено за следните предизвици, релевантни за димензионирање на стратешките цели и мерки:

- Навремено и соодветно екипирање на ОЕ за превенција на централно ниво;
- Зголемување на функционалноста на базите на податоци, посебно базите за позитивни искуства од превенцијата и други практики на ВКЗ;
- Отворени прашања за неопходноста од формирање на ЛСП.

# 3. СТРАТЕШКА РАМКА

## 3.1 Визија

Стратегијата има функција на донесување одлуки кои Министерството ќе го водат кон следнава посакувана визија:

| |
|---|
| Етичко и професионално превентивно полициско работење преку развиена организациска структура и воспоставени партнерски односи со граѓаните, кое ја зголемува довербата и зајакнува легитимитетот на полицијата во создавањето на безбедна и сигурна заедница. |

## 3.2 Општи и посебни цели и мерки по приоритетни области

За постигнување на визијата на стратешкиот документ, за секоја приоритетна област утврдени се општи и посебни цели , насочени кон промените кои ќе следат во наредниот период, а кои се поврзани со конкретни мерки. Имено, во трите области е прикажана поврзаноста на следните цели и мерки:

- **Стратешка област - односи со корисници***:* Зајакнување партнерства на локално ниво (ЛСП и другите форми) и одржување на континуирана соработка и комуникација меѓу полицијата и заедницата
  - Општа цел - Зајакнат концепт на заедничка одговорност за безбедноста и сигурноста на граѓаните.

Безбедноста на општествените вредности, како врвен приоритет за благосостојба на граѓаните, секогаш се гледа од аспект на заедничка одговорност на полицијата и клучните субјекти на заедницата. Токму поради тоа, заедничкото дејствување претставува силна гаранција за функционирањето на моделот ВКЗ, кое се темели преку воспоставениот партнерски однос. Оттука, за зајакнување на заедничката соработка, фокусот на оваа цел ќе се насочи кон граѓаните, без оглед на нивната етничка, верска, национална или родова припадност, кои се во улога на корисници на услуги и помош од ОЕ за превенција, како и учесници во креирање и одржување на партнерските односи.

1. **Посебна цел** - Зајакната ефективна соработка на полицијата со локалната заедница преку практикување на реонскиот метод на работа.

Заедничкото работење меѓу полицијата и локалното население е од посебна важност за идентификување на проблемите, поставување на приоритети и решавање на современите предизвици поврзани со криминалот, со лицата кои го прекршуваат законот и одржувањето на редот и мирот. Од тие причини, потребна е нивна активна комуникација, која ќе овозможи заедничка одговорност при решавање на проблемите. Во таа насока, ќе се продолжи со континуирано етаблирање на видлива и приемчива полиција, која се грижи за граѓаните, а истовремено е отчетна и транспарентна во своите активности.

**Мерка 1.1.** Подобрени компетенции на ПС за превенција за заедничко работење во заедницата

Во процесот на професионалниот развој на вработените, опфатени се обуки и едукативни активности за унапредување на капацитетите на кадарот за превенција со високи стандарди на професионален интегритет. Особено е важно со професионалноста да се подигне позорната дејност, базирана на доверба меѓу полицијата и населението, со цел интензивирање на комуникацијата за размена на информации за безбедна средина и поттикнување на населението активно да учествува во проекти од областа на превенцијата.

**Мерка 1.2.** Афирмирање и охрабрување на остварувањата на ЛСП

Локалните совети за превенција, како важен механизам за вклучување во полициското работење, преку промовирање и споделување добри практики од нивното работење, ќе овозможат подигање на свеста за безбедноста на граѓаните. Со цел полесно да се задоволат променливите потреби на заедницата во однос на безбедноста, произлегува потребата од афирмирање за остварувањата на функционалните ЛСП.

**Мерка 1.3.** Зголемена вклученост на жените и младите за безбедносните прашања на локално ниво

Оваа мерка ќе овозможи вклучување на родовите прашања и организациите на жените, која ќе генерира подигната свест за безбедносните појави на локално ниво. Воедно, мерката ги вклучува и младите, кои и понатаму остануваат во фокусот на вниманието. Во таа насока, се обезбедува нивното ангажирање, со можност да ги изразат своите потреби, ставови и приоритети, кои ќе бидат важен влог при креирањето на програмите за унапредување на квалитетот на животот на сите граѓани.

2. **Посебна цел** - Формирање заеднички тимови за ефективно и навремено вклучување на субјектите за ВКЗ при превенција на инциденти и настани кои предизвикуваат поголемо влијание во заедницата.

Оваа цел предвидува дефинирање на членови на тимот со конкретни улоги и соодветни вештини, усогласени и посветени на заедничка цел, при што во континуитет ќе се покаже високо ниво на соработка меѓу полицијата и клучните субјекти на ВКЗ. Најважно е тимот да препознае и анализира кога постои проблем од појава на инциденти и настани со поголемо влијание во заедницата и да донесе одлука за решавање, која ќе биде заеднички поддржана.

**Мерка 2.1.** Транспарентно полициско работење во заедницата

Очекувани ефекти од мерката се предвидливост во превенцијата, која се утврдува со полициското работење засновано на транспарентно и одговорно однесување, а насочено кон континуирано зголемување на довербата кај граѓаните. Со ваквиот пристап на полициското работење, се дефинира начинот за пренесување на ставовите за безбедносните прашања на ЛСП. Од тој аспект, неопходна е поврзаноста со ЛСП, особено за навремено реагирање при инциденти и настани кои предизвикуваат поголемо влијание во заедницата. Воедно, од клучно значење е вклученоста на ЛСП за подготвување и спроведување превентивни активности од појава на одредени асоцијални или девијантни однесувања.

3. **Посебна цел** - Функционален превентивен систем на отворено и транспарентно полициско работење во заедницата

Со постигнување на оваа цел, ќе се доведе до зголемување на ефикасноста на полициското работење во заедницата, преку креирање побезбедни средини за граѓаните, каде тие ќе чувствуваат поголема сигурност, почитување на основните права и слободи, и секако, ќе им се обезбедат граѓанските услуги.

**Мерка 3.1.** Зголемено чувство на безбедност на граѓаните

Воспоставената соработка на полицијата и граѓаните е важен сегмент во градењето на позитивните односи и редовното комуницирање, со што се зголемува чувството на сигурност и безбедност кај граѓаните. Преку реализација на мерката, ќе се подобри информираноста на граѓаните за поефикасно да си ги остварат своите потреби во рамките на Министерството, како резултат на функционалноста на Инфо-центрите и подобрените услови за прием на граѓаните.

**Мерка 3.2.** Зголемена информираност на патниците на граничните премини

Интензивниот напредок на информатичко-комуникациската технологија на модерното време на функционирање, ја наметна потребата од постојано користење на интернет мрежата. Токму поради тоа, пристапот е неопходен и за патниците на граничните премини, со цел соодветно информирање. Од тие причини, преку оваа мерка ќе се создадат услови за слободен пристап до интернет мрежата на граничните премини и ќе се овозможи полесен начин на информирање на патниците.

4. **Посебна цел** - Интензивирање на активностите за формирање ЛСП во сите локални средини.

Во рамки на полициското работење, секогаш се вклучени локалната самоуправа, граѓаните, граѓанските здруженија, училиштата и другите јавни институции, а од друга страна - во Локалните совети за превенција, активно се вклучени полициски службеници кои иницираат превентивни мерки за индикатори кои упатуваат на претпазливост на проблеми од безбедносен аспект во заедницата. Токму оваа меѓусебна поврзаност и соработка, бара формирање на функционални ЛСП во сите локални средини.

**Мерка 4.1.** Формирани и функционални ЛСП во сите општини

Локалните совети за превенција неопходно е да се формираат во сите општини, но најважно е истите да бидат функционални, кои ќе создадат услови за вмрежување на клучните субјекти и ќе влијаат на квалитетот на живеењето на граѓаните. Од полициска перспектива, вмрежувањето на клучните субјекти, ќе овозможи полесно решавање на безбедносните проблеми со граѓаните. Вистинската посветеност на ЛСП, значи континуирано одржување седници, со цел решавање на актуелните проблеми.

**Мерка 4.2.** Зголемено учество на заинтересираните страни во дијалогот во областа на безбедноста на локално ниво

Реализирањето на мерката ќе доведе до активно вклучување на заинтересираните страни во дијалогот за безбедноста на локално ниво, а истовремено ќе овозможи локалните функционери да бидат поодговорни во донесувањето на одлуките. Всушност, редовниот дијалог со заинтересираните страни потребно е да се одржува, со цел зголемување на безбедноста на локално ниво.

- **Приоритетна област - внатрешни процеси**: Подобрени внатрешни процеси за соработка и координација на организациските единици за превенција во МВР
  - Општа цел – формирана организациска единица за превенција на централно ниво

Врз основа на анализите од постигнатите резултати во остварувањето на Стратегијата на МВР за ВКЗ 2020 - 2022, притоа следејќи ги препораките на Комитетот за спроведување стратегии на МВР и раководејќи се од потребата за координирање на организациските единици за превенција, во стратешкиот документ ВКЗ 2024 – 2026 се утврдува истата цел како и претходно, од едноставна причина што целта е објективно поставена и сеопфатна.

Оттука е неопходно преземање мерки за јакнење на капацитетите на ОЕ за превенција, преку издвојување на посебен статус и надлежности на воспоставување организациска единица на централно ниво.

1. **Посебна цел** – функционална организациска единица за превенција на централно ниво и зајакнати ОЕ за превенција

Еден од клучните фактори за оваа цел, е дека организационата единица за превенција на централно ниво континуирано и правилно ќе ги менаџира процесите на унапредување и зајакнување на организациските единиците за превенција.

**Мерка 1.1.** Зајакната координација и ефикасност на ОЕ за превенција

Преку оваа мерка ќе се постигне јакнење на капацитетите на ОЕ за превенција, со што ќе се унапреди нивното значење и улогата при организирањето и спроведувањето на активностите поврзани со превентивното работење. Ова подразбира задолжително формирање на ОЕ за превенција на централно ниво, која ќе ги координира активностите за превенција и ќе даде голем удел во подигањето на превенцијата на повисоко ниво.

**Мерка 1.2.** Промовиран модел за ВКЗ на локално и централно ниво

Со промовирање на моделот за ВКЗ, ќе се овозможи да се разберат активностите на полициското работење и ќе се подигне свеста за засилен дијалог на граѓаните со полицијата, а истовремено ќе се унапреди улогата на граѓаните во безбедносните прашања. Промовирањето на моделот за ВКЗ има посебно значење кое дава можност моделот за ВКЗ да се развие на локално и централно ниво.

2. **Посебна цел:** воспоставена база на податоци за превенција, со цел користење податоци за превентивни активности.

Со постигнување на оваа цел, на полициските службеници кои извршуваат работни задачи од областа на превенцијата, ќе го олесни процесот за обезбедување на податоци од реализирани проектни активности за превенција. Воедно, електронската база на податоци ќе создаде услови за целосно и брзо пребарување на податоци за превентивно постапување.

**Мерка 2.1.** Функционална евиденција на податоци за превенција

Евиденцијата како функционална платформа за превентивни проектни активности, ќе овозможи побрза и полесна прегледност на податоците, кои редовно ќе бидат ажурирани, ќе ја подобри комуникацијата за размена на податоци, но истовремено ќе послужи за стекнување искуства и добри практики за поефективно вршење на превентивните активности.

– **Приоритетна област – учење и развој**: професионално усовршување на ПС за превенција во соработка со клучните субјекти во заедницата

  - Општа цел - Развиен сеопфатен систем за обуки (основна и континуирана обука) за полициски службеници за превенција и активна вклученост на клучните субјекти на ВКЗ во едукативни настани

Професионалниот развој на полициските службеници за превенција, со високи морални вредности и знаења за професионалното постапување кон превентивните задачи, ќе го зајакне институционалниот интегритет, одговорноста во работењето и довербата на јавноста во Министерството.

1. **Посебна цел** – подобрени вештини и знаења преку размена на информации и примена на добри практики

Оваа цел ќе придонесе полициските службеници за превенција да бидат поефикасни и да постигнат подобри резултати во превентивното работење.

**Мерка1.1.** Континуирана размена на информации и споделување добри практики за превенција

Стручното усовршување на полициските службеници за превенција е од исклучителна важност за професионално и ефикасно спроведување на превентивните активности. Со едукативните активности ПС за превенција стекнуваат теоретските и практични знаења, а со тоа ги подобруваат вештините во областа на превенцијата.

2. **Посебна цел** - подигната свест кај субјектите за ВКЗ за нивната улога во заедничкото и усогласено постапување во областа на безбедноста на локално ниво.

Во рамки на пристапот при полициското работење, а со цел да се гради сигурна и безбедна средина, се зголемува поврзаноста со заедницата, особено со институциите за заедничкото дејствување за надминување на безбедносните проблеми.

**Мерка 2.1.** Развиена соработка меѓу институциите, локалните заедници и здруженија на граѓани во делот на превенцијата

Концептот на полициското работење ја промовира идејата за поголемо учество на заедницата, во насока на заедничко решавање на конкретно безбедносно прашање. Оттука, произлегува неопходноста од развивање на соработката со субјектите за ВКЗ, како и одржување на редовни тематски состаноци со граѓаните.

**Мерка 2.2.** Унапредување на соработката со медиумите и овластените лица за комуникација со јавноста

Начинот на комуникација на медиумите со МВР/полицијата за конкретен настан, се одвива преку овластените лица за комуникација со јавноста. Истите изнесуваат објективни информации, водејќи сметка за правичноста и почитувањето на законските ограничувања, имајќи ги предвид интересите и правата на граѓаните. Од наведените мерки, произлегуваат активностите кои ќе се реализираат преку Акцискиот план за имплементација, во насока на остварување на стратешките цели од приоритетните области: *односи со корисниците, внатрешни процеси и учење и развој.*

# 4. ПРОЦЕС ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО, ИЗВЕСТУВАЊЕТО И ОЦЕНУВАЊЕТО

## 4.1. Пристап во следењето, известувањето и оценувањето

Имплементацијата на Стратегијата, всушност, претставува процес на операционализација на утврдените мерки преку спроведување на активности, со цел остварување на визијата на планираните цели, согласно показателите на успешност, дефинирани во Акцискиот план на Стратегијата за ВКЗ 2024 - 2026.[10] Од тој аспект, потребно е континуирано следење на проектираните решенија, вреднување на напредокот, идентификување на пречките и преземање корективни мерки за имплементирање на активностите.

Превентивното делување опфатено во документот, ќе биде дел од планирањето во Стратешкиот план и Буџетот на Министерството. Во таа насока, а со цел поврзување на среднорочното со годишното планирање на Министерството, преку Стратешкиот план и Годишниот план за работа на Министерството, Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет во Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, ќе го следи спроведувањето на мерките и активностите од Акцискиот план на Стратегијата на ВКЗ. Во однос на тоа, Секторот ќе врши координирање и известување за процесот на имплементација на Планот, со цел обезбедување континуирано следење на Акцискиот план на Стратегијата. Од друга страна, надлежните организациски единици за превенција вклучени за спроведување на Стратегијата, се задолжуваат преку воспоставен систем да прибираат податоци за реализација на активностите, со цел навремено спроведување на мерките во насока на остварување на стратешките цели. (прилог бр.1)

Врз основа на обезбедените податоци, надлежните организациски единици подготвуваат извештај на квартално ниво, кој ќе ги содржи начелата на концизност, јасност, релевантност, објективност, како и мерливост, прикажана со квантитативни и квалитативни податоци. Притоа, извештајот потпишан и заведен со број и датум во хартиена форма се проследува до Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет, а во електронска форма се внесува во Евиденцијата на проекти и стратегии на ниво на Министерството. Во рамки на Секторот, податоците од кварталниот

---

10 Показател на ефект поврзан со општата цел, показател на исход поврзан со посебната цел и показател на резултат поврзан со мерката

извештај се евидентираат, анализираат, обработуваат и врз нивна основа, се изработува информација за степенот на реализација на активностите од Акцискиот план на квартално ниво, која ќе се достави до Комитетот за спроведување стратегии на МВР. Притоа, Секторот, на крајот од годината, врз основа на кварталните извештаи, ќе изработи и достави годишен извештај за степенот на реализација на активностите од Стратегијата, до Комитетот за спроведување стратегии на МВР. (прилог бр.2)

Во однос на оценувањето, кое го спроведува Комитетот за спроведување стратегии на МВР периодично и по истекот на временската рамка на Стратегијата за ВКЗ 2024-2026, се прави пресек на напредокот на постигнувањето на резултатите на планираните стратешки цели од приоритетните области. Притоа, Комитетот за спроведување стратегии на МВР врз основа на наодите од извештаите на степенот на имплементација, ќе спроведе ревизија и доколку констатира дека е потребно да се пристапи кон изработка на нов стратешки документ, за истото ќе достави предлог до министерот.

## 4.2. Механизам за координација

Со Стратегијата за ВКЗ (2024 - 2026) се воспостави структура за координација, следење и управување со процесот на ВКЗ на две нивоа на координација:

- *Комитетот за спроведување на стратегии во Министерството, како централно координативно тело,* управува со процесот на спроведување на Стратегијата за ВКЗ, односно ги разгледува извештаите по приоритетните области, определува корективни мерки, врши промена во стратешките цели, предлага воспоставување дополнителни услови неопходни за имплементација на Стратегијата и врши евалуација на стратешкиот документ. За констатираните состојби и предложените мерки, Комитетот доставува извештај со заклучоци и препораки до министерот за внатрешни работи.

Комитетот за спроведување стратегии на МВР, динамиката на состанување ја предвидува на полугодишно ниво, но зависно од потребата и во покус временски период.

- *Секторот за стратешко планирање и управување со квалитет* на ниво на Министерството, како **стручно координативно тело**, е задолжен за следење и координација на Акцискиот план на стратешкиот документ, подготвување на извештаи, информации и давање поддршка на Комитетот за спроведување на Стратегии на МВР.

Ова стручно координативно тело, во процесот на следење и известување за спроведување на Акцискиот план, континуирано соработува со надлежните организациски единици за превенција.

Со цел успешна координација и управување со процесот на спроведување на Стратегијата и Акцискиот план за ВКЗ 2024 – 2026, воспоставената структура ќе се задржи со јасно утврдување на улогата и надлежностите на секое од нивоата за координација.

# 5. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

## 5.1. Утврдени ризици кои произлегуваат за спроведување на Стратегијата

Секоја стратегиска промена, помалку или повеќе, особено во периодот на нејзиното креирање и имплементирање, е поврзана со неопходноста од дополнителни финансиски вложувања, покрај финансирањето на тековното работење. Меѓутоа, можно е финансиските можности на Буџетот на РС Македонија, од кој произлегуваат и буџетските средства на Министерството, да бидат ограничени, што се должи на случувањата на глобално ниво. Покрај тоа, имплементацијата на стратегиските промени, која се стреми кон успешно постигнување на предвидените резултати, може да биде доведена во прашање поради следниве ризици:

- Отсуство на континуитет во спроведување на Стратегијата, поради персонални промени во структурата на Министерството;
- Недоволна екипираност на ОЕ за превенција;
- Неконтинуирана едукација;
- Недоволна волја кај локалната самоуправа за иницирани промени.

При анализата на досегашното искуство и проценка на идните промени во и надвор од Министерството, детектирани се и следните можни ограничувања:

- Ниска свест за превенција кај граѓаните;
- Недостаток на интерес за формирање ЛСП, одржливост и отчетност на ЛСП;
- Невоспоставување на законската обврска градоначалникот да формира ЛСП;
- Постоење на можност за прекин на меѓусебната соработка при промени во администрацијата на Локалната самоуправа.

Што се однесува до надворешното опкружување, не се очекуваат посебни ограничувања и ризици кои би се одразиле врз остварувањето на утврдените стратегиските цели во подигањето на нивото на соработка на клучните субјекти на ВКЗ.

## 5.2. Мерки за справување со ризиците

Имајќи ги предвид потешкотиите и ризиците со кои ќе се соочува Министерството при реализација на Стратегијата ВКЗ 2024 - 2026, дефинирани се мерки за справување со ризиците:

- зајакнување на човечките и материјалните капацитети на ОЕ за превенција;
- континуирано спроведување обуки на ПС за превенција;
- поблиска и поефикасна работа на ПС за превенција со граѓаните, локалната самоуправа и други заинтересирани страни (здруженија, институции и сл.);
- сеопфатна примена на моделот на вклучување и комуникација со заедницата во полициското работење во сите општини;
- спроведување кампањи со позитивни практики за активно вклучување на сите субјекти во заедницата;
- зајакнување на јавната свест и прифаќање на неопходноста за формирање ЛСП;
- подигање на нивото на медиумската писменост на граѓаните, вклучувајќи справување со дезинформации;
- иницирање редовни средби со ЛСП;
- иницирање на промени во законската регулатива, со цел одржување на континуитет на соработката помеѓу полицијата и ЛСП.

Утврдените ризиците за стратегиските цели во приоритетните области за ВКЗ, како мерките за нивно справување, ќе се опфатат во посебен образец. (Прилог бр.3)

# 6. АКЦИСКИ ПЛАН

## 6.1. Концепт на акциско планирање

Акциското планирање на Стратегијата за ВКЗ (2024 - 2026), кое всушност е натамошно операционализирање на изработената Стратегија, ќе овозможи носителите на активности да го координираат и следат процесот на имплементација на овој документ. За таа цел, како структура на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за ВКЗ (2024 – 2026) прифатен е форматот од Методологијата и Упатството за изработка на стратегии донесени од Владата на Република Северна Македонија, а дополнет со клучните аспекти на алатката наречена Карта на врамнотежени резултати (КВР), како дел од менаџирањето на процесот на имплементација на Стратегијата.

Една од карактеристиките на наведената алатка, е воведување на приоритетност на стратешките цели од областите кои имаат битно значење за постигнување на визијата на ВКЗ во овој плански период, при што приоритет се дава на:

- Посветеност кон отворено и транспарентно полициско работење во заедницата;
- Зајакнување на статусот на ОЕ за превенција на локално ниво и формирање ОЕ на централно ниво;
- Реализирање обуки за полициските службеници за превенција;
- Интензивирање на активностите за формирање ЛСП во сите локални средини;
- Развивање форми за системско комуницирање и размена на информации и добри практики со локалните заедници и други институции;
- Одржување редовен дијалог со заедницата.

Оттука, при спроведување на проценката на успешноста на реализација на активностите на Стратегијата, преку овие приоритети ќе се измери вистинската вредност на успешната имплементација на документот.

## 6.2. Подготовка и ажурирање на Акцискиот план на Стратегијата

Акцискиот план е составен дел на Стратегијата за ВКЗ (2024 - 2026) во кој се дефинираат мерките и активностите, надлежната организациска единица и другите организациски единици кои ќе бидат вклучени во спроведувањето на Планот. Покрај овие податоци, Акцискиот план ги дефинира почетниот и крајниот

рок за спроведување на активностите, проценка за потребните средства и изворот на финансирање, како и показателите за мерење на постигнувањето на мерките и целите. Акцискиот план на Стратегијата за ВКЗ 2024 – 2026 ќе биде алатка за редовно следење и за годишно известување за напредокот на стратешкиот документ.

Во процесот на следење и известување за мерките и активностите, надлежната организациска единица за превенција има клучна улога во координирањето и спроведувањето на планот, прибирањето податоци за показателите за успешност и подготвувањето извештаи. Во овој процес, исто така, значајна улога за спроведување на Планот имаат и другите организациски единици, кои се назначени во Планот.

Акцискиот план се ажурира, согласно наодите на Комитетот за спроведување стратегии на Министерството за спроведувањето на мерките и активностите. Ажурирањето ќе биде направено по две години од почетокот на спроведувањето, односно по вториот годишен извештај од спроведувањето на Акцискиот план. Во процесот на ажурирање, неопходно е да се земат предвид заклучоците и препораките кои се произлезени од оценувањето на постигнатите резултати од спроведувањето на стратешкиот документ. Притоа, предлогот со ажурираните дополнителните измени го разгледува и одобрува Комитетот за спроведување стратегии на Министерството.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME
Бр./Nr. 16-1665/1
05. 01. 2024 год./viti
Скопје - Shkup

МИНИСТЕР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Оливер Спасовски

